РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-234/4
24.03 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 52 седница одржана на 04.03.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиската програма „Инженерство за безбедност и заштита", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС),, на Технички факултет - Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола**

1.Се акредитира студиската програма „Инженерство за безбедност и заштита", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Технички факултет - Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со академски назив: Дипломиран инженер по безбедност и заштита / во меѓународен промет, академски, назив: Bachelor of Science in Engineering for Safety and Protection.

Научно - истражувачко подрачје: 2. Инженерство и технологија; Научно – истражувачко поле: 2.03. Машинство, 2.07. Инженерство на животна средина, Научно – истражувачко подрачје: 2.07.01.01 Инженерство на заштита на животна средина, 2.07.01.02 Инженерство на работна средина, 2.07.01.03 Контрола и управување на загадувањето на воздух, вода и почва, 2.07.01.04 Конторла на загадување од бучава и вибрации, 2.07.01.05 Контрола и управување на отпадни материјали, 2.03.00.11 Енергетика и животна средина, 2.03.00.17 Друго.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 60 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената Одлука бр. 14-1489/4-7 од 26.12.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Инженерство за безбедност и заштита", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Технички факултет - Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-103/3-1 од 28.01.2026 година (наш бр. 08 - 234/1 од 29.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 48-та седницата одржана на 06.02.2026 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 234/3 од 06.03.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и доапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 52-та седница одржана на 04.03.2026 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски